**Име на кампањата: СЕКОЈА СРЕДА ВО CINEPLEXX ВРЕДИ ДВОЈНО СО VISA КАРТИЧКА**

Промотивната кампања СЕКОЈА СРЕДА ВО CINEPLEXX ВРЕДИ ДВОЈНО СО VISA КАРТИЧКА. (во следниот текст Кампања) се организира во соработка со Visa International Service Association (во понатамошниот текст Visa) и кино синџирот ЦИНЕПЛЕХХ МКД ДОО Скопје во Македонија (во понатамошниот текст Cineplexx. Промотивната кампања ќе се спроведува исклучиво во согласност со условите наведени во овој документ. Учесниците во кампањата треба да ги почитуваат опишаните услови во делот "Општи услови".

**Општи услови**

**Општите услови ја дефинираат територијата и периодот на траење на кампањата, правото на учество, механизмот на кампањата и престанокот на кампањата, како и одговорностите на организаторот.**

Општите услови на кампањата се сочинети во согласност со позитивните прописи на Република Северна Македонија и истите ќе бидат објавени и достапни за сите заинтересирани на веб-страницата: https://www.cineplexx.mk/Content.Node/mk/nastani/_items/specijalni_nastani/Dvojna_sreda_Visa.mk.php за време на траењето на кампањата. Организаторите имаат право да ги менуваат Општите услови на кампањата со тоа што се должни направените измени и/или дополнувања веднаш да ги објават на веб-страницата: https://www.cineplexx.mk/Content.Node/mk/nastani/_items/specijalni_nastani/Dvojna_sreda_Visa.mk.php

Доколку учесникот не се согласува со измените и/или дополнувањата на Општите условите, тој/таа има право да го прекине своето понатамошно учество во кампањата.

**Територијата на кампањата и периодот на траење**

Кампањата СЕКОЈА СРЕДА ВО CINEPLEXX ВРЕДИ ДВОЈНО СО VISA КАРТИЧКА се изведува на територијата на Република Северна Македонија, во кината кои се дел од кино синџирот "Cineplexx" во трговскиот центар Skopje City Mall во Скопје.
Оваа промоција ќе биде организирана во 2022 година, од 1 септември до 31 декември или додека договорениот број на билети не е распродаден. Бројот на билети е ограничен. Cineplexx има право да го продолжи или прекине периодот на кампањата, доколку е потребно, а имајќи предвид дека бројот на билети е ограничен. Во случај на продолжување или прекинување на Кампањата пред крајот, Cineplexx ќе ги објави продолжувањето или прекинувањето преку објава на сајтот https://www.cineplexx.mk/Content.Node/mk/nastani/_items/specijalni_nastani/Dvojna_sreda_Visa.mk.php

**Право на учество**

Право на учество во кампањата имаат физички лица постари од 18 години, во согласност со Општите услови на кампањата и Општите услови Visa. Учесниците во кампањата треба да ги користат Visa картичките валидни во Република Северна Македонија на денот на извршувањето на трансакцијата. Плаќањето со овие картички треба да се врши на POS терминалот.

**Механизам на кампањата**

Кампањата се спроведува од 1 септември до 31 декември во сите кино сали на Cineplexx на територијата на Република Северна Македонија или додека договорениот број на билети не е распродаден. Бројот на билети е ограничен.

**Кампањата не може да се комбинира со актуелните понуди и акции на киното Cineplexx(Семеен Филмски Клуб, Групен попуст, Училишно кино, Семеен Пакет, Роденден, Студентски попуст).**

**Cineplexx Бонус Програмата**

Доколку се искористи понудата на Visa, се исклучува можноста за плаќање и искористување на попуст со Cineplexx Бонус картичката,

**Cineplexx кино сали**

Секоја среда со почеток од 1 септември до 31 декември, за плаќање на еден кино билет со Visa картичка, односно со извршена трансакција со картичката на POS терминалот на билетарата на киното "Cineplexx" во Скопје, учесниците во кампањата истовремено ќе добијат уште еден кино билет како подарок. Кино билетите купени со Visa картичка се однесуваат само за проекции од редовниот репертоар во среда, од 1 септември до 31 декември или додека договорениот бројот на билети не е распродаден. Понудата не важи за онлајн купените билети преку мобилната апликација на Cineplexx. Бројот на билети е ограничен.

**Прекинување на кампањата**

Cineplexx има право да ја прекине кампањата во секое време во случај на виша сила или поради други објективни причини.

**Одговорности**

Cineplexx не е одговорен за парични надоместоци за која било трансакција, која од било која причина е надвор од негова контрола.
Cineplexx не е одговорен за какви било технички проблеми, за кои тој не е виновен, а кои ќе настанат во врска со учеството на кампањата.